РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СТАРОТО ГРАДСКО ЈАДРО НА ОХРИД ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ

Скопје, февруари , 2011 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 20/04 и 115/07), меѓу другото, е утврден преоден режим во однос на спомениците на културата што биле ставени под заштита според прописите кои се применувале пред донесувањето на Законот.

Имено, според член 175 став 2 од Законот, спомениците на културата чие својство е утврдено со решение на надлежниот завод за заштита на спомениците на културата, според прописите кои важеле до денот на примената на новиот закон, остануваат под заштита како културно наследство до денот на завршување на постапката за нивна ревалоризација. Тоа значи дека сите заштитени добра со статус на споменици на културата, стекнат врз основа на решение од надлежниот завод, сега се под преоден режим и имаат статус на некатегоризирано културно наследство, односно културно наследство што треба да биде ревалоризирано.

Во таа смисла, основна причина за донесување на законот е потребата од навремено надминување на состојбата на преодниот режим, односно привремениот статус на Старото градско јадро на Охрид и негово подведување под режим на трајна заштита.

Причина повеќе за донесување на законот претставува и потребата за официјализирање на протекторскиот статус на Старото градско јадро на Охрид, изразен преку неговата категоризација заради вредностите што ги има, со што се определува степенот на значење на културното наследство од јавен интерес во функција на пропишување на соодветен режим на заштита, утврдување на приоритетите во заштитата, разграничување на надлежностите и примена на ратификуваните меѓународни договори.

Законот што се предлага треба да се донесе и поради потребата од редефинирање на вредностите и границите на Старото градско јадро на Охрид како заштитена спомeничка целина, вклучувајќи го и определувањето на контактните зони.

Донесувањето на Законот е најцелисходно решение, со оглед дека станува збор за заштитено подрачје што се карактеризира со висока динамика на правни и други промени, сложени правни односи и нагласена потреба за подоследна примена на современи стандарди за заштита.

Охрид спаѓа во редот на ретките балкански градови, како што се Солун, Воден и Дирахион, кои континуирано живееле од праисториските времиња, преку античкиот и доцноантичкиот период, раното христијанство, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, па сè до денес - во периодот од IV век пр. н.е. до XXI век.

Старото градско јадро на Охрид претставува комплексна споменична целина чие оформување, според потврдените артефакти, пред сè, според зачуваните објекти датира од најстари времиња, се развивала во една карактеристична хармонија и претставува редок пример на зачуваност на овој тип градови во Македнија, настанат во карактеристични природно-географски, историски и етносоцијални услови на живеење и стопанисување.

Богатата материјална и духовна култура на Охрид, градот го става на пиедестал меѓу најзначајните споменици во светот. Тоа е оцена и на УНЕСКО, кој во 1979 и 1980 година, ценејќи го и како ретко природно и културно богатство го запишува во списокот на светското културно и природно наследство. Споменичната целина е заштитена со Решението бр. 07-57/1 од 28.3.1968/ЗЗСК - Охрид. На 16.7.2006 година е донесено ново Решение бр. 30

ЦОМ 8Б.9 и името променето  во Дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион.

Во изминатиот период Старото градско јадро на Охрид е ставено под заштита со следниве акти:

- Решение за заштита на дел од природното и културното наследство на охридскиот регион бр. 30 COM 8B.9 од 8-16.7.2006 година;
- Решение за Охридското прородно и културно - историско подрачје бр. 03-461 од 8.12.1978 год. ц.р. 1049 – Општински завод за заштита на спомениците на културата – Охрид.
- Решение за заштита на Стариот дел на градот бр. 07-57/1 од 28.3.1968 год., ц.р. 924 – Општински завод за заштита на спомениците на културата – Охрид.

Заради богатите културно-историски, архитектонски, археолошки и етнолошки вредности на целината кои  даваат посебност, реткост, репрезентативност, автентичност, зачуваност, разновидност и интегралност и создаваат можности за нејзина ревитализациј,а се предлага СТАРОТО ГРАДСКО ЈАДРО НА ОХРИД да добие статус на културно наследство од особено значење.

Причина за донесување на Законот е и членот 25 од Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Службен весник на РМ“ бр.75/2010), каде што е содржана потребата од донесување на законот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Законот чие донесување се предлага се заснова врз следниве основни начела:

- заштита на културното наследство според неговите вредности, значење и степен на загрозеност, без оглед на времето, местото и начинот на создавањето или кој го создал и во чија сопственост или владение се наоѓа, како и без оглед дали е од световен или религиозен карактер и на која конфесија  припаѓа и дали е запишано во јавните книги од областа на заштитата;
- посебна заштита на културното наследство од особено значење како добро од општ интерес за Република Македонија;
- интегрирана заштита на културното наследство;
- користење и ревитализација на културното наследство според неговата природа и намена во научно основани граници;и
- активна улога на имателите на културното наследство, локалните власти и невладините организации од областа на заштитата на културното наследство.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ВРЗ ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на Законот нема да предизвика дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на Законот нема да предизвика дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија и врззаинтересираните страни и други субјекти

## V. ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИЗМЕНАТ СО ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И ПРОПИСИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Не се потребни измени на други закони.

Предлог на закон за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Старото градско јадро на Охрид, кое претставува споменична целина, се прогласува за културно наследство од особено значење, поткатегорија - големо значење.

(2) Со прогласувањето на споменичката целина „Старото градско јадро на Охрид“, за културно наследство од особено значење, се овозможува:

- трајно зачувување на историските, уметничките, архитектонските, урбанистичките, амбиенталните, етнолошките, духовните, социолошките и другите научни и културни вредности, како и автентичноста, единственоста, реткоста, разновидноста, интегралноста, староста и други својства, содржини и функции;
- создавање поволни услови за опстанок и задржување на интегритетот на сите податоци што ги носи во себе како сведоштво;
- ширење сознанија за неговите вредности, значење и улога во културната идентификација;
- оспособување да служи за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, економските, туристичките и другите потреби на граѓаните; и
- спречување на дејствија, појави и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување или деградирање.

(3) Споменичката целина „Старо градско јадро на Охрид“ настаната во периодот од IV век пред нашата ера до XXI век, како културно наследство од особено значење, е добро од општ интерес за Република Македонија и ужива посебна заштита во согласност со овој закон, Законот за заштита на културното наследство, Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион и друг закон.

Член 2

Споменичката целина „Старо градско јадро на Охрид“ (во натамошниот текст: Старото градско јадро на Охрид) се наоѓа на подрачјето од општина Охрид и го зафаќа просторот со следниве координати:

- најисточна точка: Y $41,110582^{0}$, X $20,806259^{0}$;

- најјужна точка: Y $41,109430^{0}$, X $20,804770^{0}$;

- најзападна точка: Y $41,114546^{0}$, X $20,787277^{0}$;

- најсеверна точка: Y $41,119025^{0}$, X $20,790586^{0}$.

највисока точка (794 м надморска височина): Y 41,115360$^{0}$, X 20,791330 и со вкупна површина од 85 ха 08 а 74 м$^{2}$.

Член 3

Старото градско јадро на Охрид ги има следниве граници:

- Исток: источната граница започнува во точката „А“, која е на пресекот на ул. „Македонски просветители“ и бул. „Туристичка“, се движи на југ по оската на ул. „Македонски просветители” (КП 17266) до пресекот на истата улица со ул. „Партизанска“, се движи на исток по оската на ул. „Партизанска“ (КП 17330) сè до пресекот на истата улица со ул. „Јане Сандански“ и се движи на југ по оската на ул. „Јане Сандански“ (КП 17331) сè до пресекот со ул. „Кеј Маршал Тито“ и брегот на Охридското Езеро;
- Југ: јужната граница започнува од пресекот на ул. „Јане Сандански“ со ул. „Кеј Маршал Тито“ и се движи на запад по ул. „Кеј Маршал Тито“ (КП 17328) и шеталиштето на самиот брег од Охридското Езеро, при што го опфаќа пристаништето (КП 17350) и продолжува по брегот на Охридското Езеро сè до брегот под црквата „Св. Јован Богослов – Канео“;
- Запад: западната граница започнува од брегот на Охридското Езеро под црквата „Св. Јован Богослов - Канео“ и се движи на север по брегот на езерото сè до влевањето на реката Грашница во Охридското Езеро и се движи на север по оската на коритото на реката Грашница сè до пресекот со ул. „Гоце Делчев“; и
- Север: северната граница започнува од пресекот на коритото на реката Грашница со ул. „Гоце Делчев“ и се движи на исток по оската на ул. „Гоце Делчев“ (КП 17270) сè до нејзиниот пресек со ул. „Абас Емин“, а потоа се движи на север по оската на ул. „Абас Емин“ (КП 17222) сè до нејзиниот пресек со бул. „Туристичка“, завртува кон исток по оската на бул. „Туристичка“ и завршува на пресекот на ул. „Македонски просветители“ и бул. „Туристичка“ во точката „А“.

Член 4

(1) Старото градско јадро на Охрид има една контактна зона, со вкупна површина од 777 ха 06 а 238 м2 со следниве граници**:**

**-** на исток границата започнува од пресекот на ул. „Железничка“ (КП 17225/1) со ул. „Бејбунар“ (источна транзитна улица) КП 7236 и се движи кон југ по ул. „Бејбунар“ (КП 7236) сè до пресекот со каналот „Студенчишта“ (КП 7220);

- на југ границата започнува од пресекот на ул. „Бејбунар“ (КП 7236) со каналот „Студенчишта“ и се движи кон запад по оската на каналот „Студенчишта“ (КП 7220) сè до пресекот со езерскиот брег од каде што се движи кон северозапад, следејќи го брегот на езерото сè до пресекот со западната граница од КП 17044 и се движи кон север, следејќи ги западните граници на КП 17044, 17043, 17042, 17041, 16983, 16985, 16986, 16987, ја сече ул. „Јане Сандански“ и се движи кон запад, следејќи ги јужните граници на КП 16557, 16556, 16555, 16554, 16551, 16550, 16542, 16521, 16519, 16518, 16489/1, 16490/1, 16490/2, 16494, 16495, 16488, 15616, 15617, 15618, 15620, 15621, 15623 сè до пресекот со западната граница на КП 15623 од каде што се движи кон север, следејќи ја западната граница на КП 15623, 15602, 15599, ја сече ул „Димитар Влахов“ (КП 17304), продолжува кон север следејќи ја западната граница на КП 15381, 15382/2, 15383, 15355, 15353/2, ја сече ул. „Даме Груев“ (КП 17290) и повторно се движи кон север, следејќи ја западната граница на КП

14471, 14472, 14473 14478, 14479, 14353, 14352, го сече бул. „Туристичка“ од каде што се движи кон запад, следејќи ги јужните граници на КП 14345, 14341, 14340, 14339, 14338, 14337, 14335, ја сече ул. „Абас Емин“ (КП 17222) од каде што се движи кон југ, следејќи ги источните граници на КП 13714, 13717, 13715, 14131, 14132, 14133, 17282/1, 14137, 14139 од каде се движи кон запад, следејќи ги јужните граници на КП 14139, 14146, 14147, 14148, 14149/3, 14149/2, 14149/1, 14152, 14109, 14108, 14107, 14106, 14105, 14104, 14103, 13102, ја сече ул. „Пирин Планина“ (КП 17269) и продолжува кон запад, следејќи ги јужните граници на КП 14092, 14091, 14090, 14089, ја сече ул. „Стив Наумов“ (КП 17214) од каде што се движи кон запад, следејќи ги јужните граници на КП 14085, 14084, 14083, 14082, 14073, 14072, 14070, 14069, 13788, 13789, 13790, 13794, 13793, 13860, 13862, 13863, 13864, 13865, 13857, 13866, 13867, 13854, 13850, 13849, 17270, 13811, 13812, ја сече ул. „Гоце Делчев“ (КП 17270) и се движи кон југозапад, следејќи ги источните граници на КП 13833, 17189, 13836, 13874, 13875, 13876, 13877, 13879, 13880, 13881, 13883, 13884, 14011, 14012 сè до пресекот со брегот на Охридското Езеро од каде што се движи кон северозапад, следејќи го брегот на Охридското Езеро сè до пресекот со ул. „Андон Дуковѐ (КП 3274);и

- на запад границата започнува од пресекот на брегот на Охридското Езеро со ул. „Андон Дуков“ и се движи кон североисток по оската на ул. „Андон Дуков“ (КП 3274) сè до пресекот со ул. „Железничка“;

- на север границата започнува од пресекот на ул. „Андон Дуков“ со ул. „Железничка’ и се движи кон југоисток по оската на ул. „Железничка“ (КП 17225/1) сè до пресекот со ул. „Бејбунар“.

Член 5

(1) Границите на Старото градско јадро на Охрид и на неговите контактни зони во смисла на членовите 3 и 4 од овој закон (во натамошниот текст: заштитено подрачје), Агенцијата за катастар на недвижности ги нанесува на геодетска подлога во размер 1 : 1000.

(2) Органот од став (1) на овој член за секоја катастарска парцела што се наоѓа во границите на заштитеното подрачје, во катастарската евиденција и документација става забелешка дека е составен дел на Старото градско јадро на Охрид како културно наследство од особено значење, а за секое посебно заштитено добро во границите на заштитеното подрачје дека има статус на културно наследство со соодветна категорија утврдена со актот за неговото прогласување.

(3) Границите на заштитеното подрачје од ставот (1) на овој член не можат да се менуваат со просторен и урбанистички план ниту со друг вид акт, освен со акт за заштита или акт за промена во согласност со прописите за заштита на културното наследство.

Член 6

(1) Заради заштита, уредување, ревитализација и рационално користење на Старото градско јадро на Охрид, Општина Охрид донесува детален урбанистички план со плански опфат во границите на Старото градско јадро на Охрид од член 3 на овој закон.

(2) За контактната зона од член 4 од овој закон, општината Охрид донесува детални урбанистички планови.

(3) Плановите од ставовите (1) и (2) на овој член се изработуваат врз основа на заштитно-козерваторски основи подготвени од Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид.

(4) Заштитно-конзерваторските основи за спомeничната целина Старото градско јадро на Охрид задолжително содржат дозволени и рестриктивни мерки за секој поединечен составен дел во спомeничната целина.

(5) Одобрените заштитно-конзерваторски основи од ставовите (3) и (4) на овој член се вградуваат во деталните урбанистички планови, како посебни услови за градење за секоја градежна прцела поединечно.

Член 7

(1) Во Старото градско јадро на Охрид не смее:

1. да се менуваат постојната урбана структура и густина на населеноста, границите на урбаните блокови и парцели како дел од органскиот урбанизам, уличната мрежа, премините кон езерото и сите отворени и зелени површини;

2. да се менуваат висината и фасадниот изглед на заштитените добра и на амбиенталните објекти;

3. да се менува габаритот на заштитените добра;

4. да се градат нови објекти кои како висина имаат галерија или потпокрив, без или со баџи, или се покриени со рамна тераса;

5. котата на приземјето да биде помала од 10 см, ниту поголема од 90 см над нивото на пристапната улица односно од определената точка „А“, доколку објектот излегува на најмалку две улици;

6.чистата висина на приземјето да биде помала од 2.40 см ниту поголема од 2.80 см, односно поголема од 3.20 см за комплексот „Чаршија“ и комплексот „Чинарот“;

7. чистата висина на катовите да биде поголема од 3.00 см;

8. да се вршат градежни или други работи без да се извршат археолошки истражувања на земјиштето;

9. да се изведува еркер поголем од 50 см за комплексот „Чаршија“, а за сите останати објекти во Старото градско јадро на Охрид да се изведува екрер помал од 50 и поголем од 80 см и да биде на помала висина од 3.60 м од нивото на улицата на места каде што има моторен сообраќај;

10. да се градат гаражи како посебни објекти на градежната парцела;

11. да се зголемуваат габаритот и висината на помошните објекти;

12. да се воведат нови намени кои предизвикуваат бучава и загадување на околината;

13. да се паркира до заштитените добра и да се формираат паркинг места до нив;

14. да се менува обработката на пешачките патеки и на сообраќајниците од камени плочи и гранитни коцки;

15. да се употребуваат павер-елементи (бекатон) како обработка на пешачките површини;

16. да се поставуваат потпирачи, телевизиски антени, репетитори, големи рекламни паноа и сл. и

17. да се оштетува Старото градско јадро на Охрид, особено со несоодветно користење.

(2) Во Старото градско јадро на Охрид режимот на заштита се остварува според детално дефинирани параметри во деталните урбанистички планови од член 6 од овој закон кои се донесуваат за спомeничната целина, како и според посебни заштитно-конзерваторски услови што се однесуваат на:

1. контролирана интерполација на нови локации на слободни простори;

2. зачувување на заштитените добра во изворна состојба преку конзервација, санација и во исклучителни случаи со факсимилсна обнова;

3. зачувување на амбиенталните објекти кои придонесуваат за вредностите и амбиенталната слика на целината во изворна состојба, особено на екстериерниот изглед на објектите со конзервација и санација, како и со факсимилсна обнова на карактеристичните фасадни изгледи кај објектите кои имаат големи оштетувања;

4. враќање на изгубениот фонд на објекти на локации кои се слободни и за кои постојат стари урбанистички планови, остатоци од објектите или техничка и фотодокументација преку нивна реконструкција, или типолошка обнова;

5. враќање на автентичниот фасаден изглед на оние објекти кои го изгубиле, а за кои постојат доволно информации за изворниот изглед.

6. рекомпозиција на недвижностите по намена во новите објекти при реконструкција или типолошка обнова;

7. задржување на амбиенталните објекти во рамките на постојните габарити со можност за помали доградби на сопствените локации кои нема драстично да влијаат на промена на амбиентот;

8. задржување и изградба на објекти со покриви на повеќе води со блага косина (макс. $22^0$ до $24^0$), а за објектите кои се во низа покрив на две води со блага косина, со задолжителна употреба на ќерамида-каналица како материјал за покривање;

9. задржување на фасадата на приземјата и на високите приземја од кршен камен, со лакови на отворите обработени со тула, а катовите да се малтерисани и обелени со вар;

10. задржување на автентичната боја на објектите од периодот меѓу двете светски војни;

11. задржување на хармоничниот ритам на поставување на дрвените прозорци со дрвени опшивки, карактеристичните дрвени опшивки на фасадата, дрвените косници и карактеристично обработените симсови;

12. задржување и одржување на постојните основни функции на Старото градско јадро на Охрид и враќање на некои изворни функции, како што се старите занаети или давање нови современи функции на некои објекти, доколку таквите функции се компатибилни со нивната природа и карактерот на спомeничката целина;

13. поставувањето на сите видови водови од инфраструктурата и инсталациите да не бидат видливи на просторот од Старото градско јадро на Охрид и на уличните фасади;

14. задржување на асфалтот на фреквентните моторни сообраќајници кои се веќе асфалтирани;

15. вклопување на натписи на фирми и други натписи, билборди, неонски и друг вид реклами, сообраќајни знаци, споменична сигналистика, осветлување, урбана опрема на отворените простори;и

16. преземање превентивни и корективни мерки против деструктивни ефекти од бучава, удари и вибрации предизвикани од машини и возила.

Член 8

(1) Во контактната зона на Старото градско јадро на Охрид не смее:

1. да се вршат земјени или други градежни работи без археолошки надзор;

2. да се предвидуваат новоградби и сообраќајници, како и да се вршат земјени или други градежни работи без да се извршат археолошки истражувања на просторите за кои има сознание дека постојат археолошки локалитети;

3. да се менуваат габаритот, висината и фасадниот изглед на заштитените добра;и

4. да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на поединечните заштитени добра во радиус од 15 м околу објектите;

(2) Во контактната зона на Старото градско јадро на Охрид режимот на заштита се остварува според детално дефинирани параметри во деталните урбанистички планови од член 6 од овој закон кои се донесуваат за контактната зона, како и според посебни заштитно-конзерваторски услови што се однесуваат на:

1. зачувување на заштитените добра во изворна состојба преку конзервација, санација и во исклучителни случаи со факсимилсна обнова;

2. зачувување на покривите на повеќе води со употреба на ќерамида-каналица кај поединечно заштитените добра;

3. усогласување на висината и габаритите на новоизградените објекти, на начин со кој се оневозможува затворање на визурите кон споменичната целина, особено во делот од контактната зона кој се наоѓа во радиус од 500 м од споменичната целина, со можност за зголемување кон надворешните граници на контактната зона;и

4. архитектонска обработка на објектите со големи габарити во карактеристични пропорции и мерки.

Член 9

(1) Општината Охрид и нејзините органи и јавни служби се одговорни за спроведување мерки и активности во заштитеното подрачје во рамките на нивните надлежности утврдени со овој и со друг закон.

(2) Имателите на културно наследство во рамките на заштитеното подрачје се одговорни за одржувањето, чувањето, почитувањето и правилното користење на културното наследство во рамките на заштитеното подрачје.

(3) Националната установа- Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид е одговорна за преземање заштитно-конзерваторски мерки во заштитеното подрачје во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Член 10

(1) Со Старото градско јадро на Охрид во името на Република Македонија управува Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид, а во името на локалната заедница управува општината Охрид.

(2) Заради обезбедување посебни услови за трајно зачувување на споменичката целина и за отстранување на причините кои ги загрозуваат нејзините вредности, како и заради координирано реализирање на заеднички иницијативи, акции или проекти за заштита, уредување, користење и ревитализација на споменичката целина „Старо градско јадро на Охрид“, Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и музеј -Охрид и градоначалникот на општина Охрид, изработуваат План за интегрирана заштита на Старото градско јадро на Охрид (во натамошниот текст: План за интегрирана заштита).

(3) Планот го донесува Управниот одбор на Националната Установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј –Охрид, на предлог на директорот, а по претходна согласност на општината Охрид.

(4) Планот за интегрирана заштита содржи:

- преглед (број, големина, сегашна намена, валоризација/ревалоризација, идна намена) на недвижното културно наследство во составот на споменичката целина;

- приказ и оцена на состојбите со одделни делови или градби во составот на споменичката целина;
- предлози за санација, заштита, изградба и измена на намените на градбите во состав на споменичката целина;
- приказ на потребните средства за спроведување на Планот;
- приказ на организација и динамика на изведување активности врз комуналната инфраструктура;
- планирање на урбаниот развој и урбаната рехабилитација;
- идентификување на потенцијални фактори и ризици кои ги загрозуваат вредностите на културното наследсво;
- развивање активности за подигнување на јавната свест за значењето на културното наследство;
- утврдување насоки за развој на културниот туризам во согласност со принципот на одржлив развој,
- развивање активности за издавање научни и стручни публикации, публикации од информативен карактер и сл.

(4) Планот пред неговото донесување се става на јавна расправа.

(5) Планот се донесува за период од пет години.

Член 11

(1) Вреднување и набљудување на спроведување на Планот за интегрирана заштита врши надзорен одбор составен од девет членови кои ги именува министерот за култура, и тоа по еден претставник од :

- Министерството за култура;
- Управата за заштита на културното наследство;
- Управата за животна средина;
- Министерството за транспорт и врски;
- Министерството за локална самоуправа;
- Националната установа-Национален конзерваторски центар-Скопје
- Меѓународниот совет за споменици и места ИКОМОС;
- Националната комисија на УНЕСКО;
- Здружените на туристички работници од општина Охрид.

(2) Надзорниот одбор (во натамошниот текст: Одборот) има мандат од четири години.

(3) Одборот од став (1) на овој член еднаш годишно доставува до министерот за култура, извештај за преземените мерки за реализација на Планот.

(4) Во извештајот од став (3) на овој член се содржани оцена за презмените мерки и препораки за надминување на состојбите.

НАДЗОР

Член 12

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за култура.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството за култура преку инспекторите за култура, во согласност со Законот за култура и Управата за заштита на културното наследство, во согласност со овој и со Законот за заштита на културното наследство.

(3) Во врска со примената на прописите за градење и просторно и урбанистичко планирање, надзор и контрола вршат органите надлежни за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 13

(1) Деталните урбанистички планови од член 6 од овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Планот за интегрирана заштита од член 10 став (2) од овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Одборот од член 11 од овој закон ќе се основа во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

I. Објаснување на содржината на одредбите на Предлогот на законот

Охрид спаѓа во редот на ретките балкански градови, како што се Солун, Воден и Дирахион, кои континуирано живееле од праисториските времиња, преку античкиот и доцноантичкиот период, раното христијанство, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, па сè до денес во периодот од IV век пр. н.е. до XXI век.

Богатата материјална и духовна култура на Охрид, градот го става на пиедестал меѓу највеличествените споменици во светот. Тоа е оцена и на УНЕСКО, кој во 1979 и 1980 година, ценејќи го и како ретко природно и културно богатство го запишува во списокот на светското културно и природно наследство. Спомоничката целина е заштитена со Решение бр. 07-57/1 од 28.3.1968/ЗЗСК - Охрид. На 8-16.7.2006 година е донесено ново Решение бр. 30 ЦОМ 8Б.9 и променето е името во Дел од природното и културното наследство на охридскиот регион.

Според преодниот режим утврден во Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ"бр. 20/04 и 115/07), задолжителна е постапката за ревалоризација на добрата за кои претходно е утврдено дека имаат статус на заштитени добра.

Во согласност со член 35 од Законот за заштита на културното наследство, надлежната јавна установа, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид, подготви Елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство во Охрид бр.02-50/1 од 23.1.2006 година, а Министерството за култура, преку формирање на посебна комисија обезбеди ревизија на изворниот текст на Елаборатот, давајќи одредени забелешки и насоки за доработка на Елаборатот (Извештај од 12.11.2010 година).

Елаборатот претставува солидна стручна научна основа за донесување на соодветен акт за заштита.

Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење е дел од нормативната рамка за уредување на односите во областа на заштитата на културното наследство. Тој спаѓа во категоријата на специјални закони кои имаат карактеристики на акти за прогласување. Исто така, како специјален закон сам по себе овозможува висок степен на индивидуализација на односното заштитено добро, особено преку специфичните решенија во поглед на клучните елементи на самиот закон.

Со Законот чие донесување се предлага се уредуваат клучните прашања во поглед на практичните аспекти на заштита на едно конкретно заштитено добро - спомоничката целина „Старо градско јадро на Охрид". Конкретно, станува збор за самата идентификација на односното добро, особено во поглед на неговиот назив, категорија, граници и контактни зони, како и соодветниот режим на заштита, управувањето на предметното добро и слично. Тие прашања, во согласност со Законот за заштита на културното наследство се дадени на дополнително уредување со актот за заштита, односно со актот за прогласување.

Со донесувањето на Законот се заокружува неопходната правна рамка за оживотворување на уставната концепција за посебна заштита на добрата од особено културно и историско значење определени со закон, од една страна, и

се создава потребната правна основа за практична примена на националниот модел на заштита на културни добра од особено значење, од друга страна.

Со уредување на односите на предложениот начин се врши:

- индивидуализирање на грижата и засилување на одговорноста на релевантните субјекти во системот на заштита на културното наследство, а во тие рамки нагласување на местото и улогата на државата и нејзините органи и институции;
- активно вклучување на предметното добро во современиот развој на локалните заедници и државата и создавање услови за негова ефективна заштита и функционално користење во научно основани граници;
- уважување на современите научни и стручни гледишта за изработување, ревитализација, развој, унапредување и практична примена на стратегија за интегрирана заштита на старите градски јадра во државава;
- обезбедување компатибилност на заштитата на предметната споменичка целина со меѓународните протектолошки стандарди;
- спречување на дејствиа, појави и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување, уништување или деградирање на споменичната целина;
- трајно зачувување на историските, уметничките, архитектонските, урбанистичките, амбиенталните, етнолошките, социолошките и другите научни и културни вредности, како и автентичноста, единственоста, разновидноста, интегралноста, староста и други својства, содржини и функции;
- остварување на крајната цел на заштитата - пренесување на идните генрации.

Клучен елемент на правната идентификација на споменичната целина Старо градско јадро на Охрид е прашањето за нејзината категоризација. Во конкретниов случај, од стручна гледна точка се оценува дека предметното добро ги исполнува критериумите за категоријата -културно наследство од особено значење, поткатегорија- големо значење.

Културно наследство од особено значење, според член 28 став 4 од Законот за заштита на културното наследство е секое добро што има големо значење за националната историја, култура, уметност или технички развој, односно:

а) преставува сведоштво од поширок интерес за проучување на општествените појави,

б) се истакнува со својата изворност, репрезентативност во својот вид, разновидност на содржините, облиците, изгледот, функцијата, староста, зачуваноста или со друга типичност, а поради повторување (застапеност во поголем број не спаѓа во поткатегоријата културно наследство од исклучително значење),

в) во кое се содржани делови, односно детали или други вредносни елементи од големо културно и историско значење

г) е поврзано со значајни настани и истакнати личности од националната историја и култура.

Притоа, односното добро треба да исполнува најмалку еден од наведените критериуми за да биде прогласено за културно наследстсво од големо значење.

Старото градско јадро на Охрид претставува комплексна споменична целина чие оформување, според потврдените артефакти а, пред сè, според зачуваните објекти без прекин живее од праисториските времиња, преку античкиот и доцноантичкиот период, раното христијанство, раниот и развиениот среден век, османлискиот период, па сè до денес, при што се опфаќа периодот од IV век пр. н.е. до XXI век.

Во целиот тој период, иако без урбанисти и архитекти, градот се издигал и се развивал во една карактеристична хармонија и претставува редок пример на зачуваност на овој тип градови во Македонија, настанат во карактеристични природно-географски, историски, етносоцијални и естетски услови на живеење и стопанисување.

При вреднувањето на просторот, особено значење е дадено на геоморфолошките и топографските специфики, визурите и атрактивноста на локацијата на градското јадро. Народниот градител покажал извонредна способност за приспособување кон природната средина, при што на двата рида, на терен со голем пад, се развива град со амфитеатрална поставеност на објектите и со неповторливи визури кон Охридското Езеро, а и од езерото кон градот. Тоа е редок урбанизам кој не е регулиран со планови и прописи, на територија толку густо изградена со максимално задоволување на потребите на секој поединец и примарните постулати на урбаната регулација. Тоа е редок органски урбанизам каде што урбаното ткиво расте и се развива според строгите закони и потребите на човекот. Претставува ретко архитектонско-уметничко остварување и богата ризница на архитектонско, археолошко, материјално и духовно богатство, со огромна концентрација на значајни споменички добра.

Со својата автентичност, реткост и репрезентативност се издвојуваат поголем број споменички добра од профаната (староградска и градска) и од сакралната архитектура, а исто така огромен е бројот и на археолошки локалитети кои придонесуваат во збогатувањето на спомeничните вредности на старото градско јадро.

Големата концентрација на црковни објекти, кои буквално се среќаваат на секој чекор, уште повеќе ја продлабочува и ја зголемува таинственоста на еден ваков древен град. Денес, во спомeничката целина има 15 црковни објекти, иако според една легенда во градот постоеле 365 цркви. Сите тие се насликани со редок и вреден живопис.

Објектите од старoградската архитектура во голема мера се автентични, а организацијата на просторот во нив произлегува од самиот начин на живеење. Покуќнината составена од мусандри, долапи, огништа и дрвени тавани, обработени со едноставни геометриски и флорални мотиви содржат свои посебни и значајни функционални и естетско-уметнички вредности. Карактерот на куќата и структурата на нејзините содржини се директен одраз на начинот на живеење и на традиционалната материјална култура на жителите од овој крај во одреден историски период.

Објектите од градска архитектура се одликуваат со елементи од европското градителство од почетокот на XX век, каде што преовладувале класичниот, неокласичниот, ренесансниот и академско-барокниот манир. Тие оставиле свој белег и историска порака преку малкуте објекти со изразени архитектонски вредности, ретки и репрезентативни примероци за творештвото од почетокот на XX век.

Како објекти од класичниот академизам, иако со својата габаритност не се најсоодветно вклопени во урбанистичката концепција на старото јадро на Охрид, сепак поседуваат архитектонска вредност, како ретки и најрепрезентативни примери на профаната архитектура со изразени влијанија на европските нео-стилови.

Длабоките хронолошки корени на културното наследство на спомeничката целина низ вековите се гледа од богатите археолошки културни слоеви евидентирани при археолошки истражувања на просторот или при случајни наоди при градби. Откриени се евидентирани, конзервирани и презентирани огромен број археолошки локалитети кои доминираат со својата автентичност, реткост, репрезентативност, разновидност, интегрираност и зачуваност.

Присуството на археолошки локалитети е огромно и разновидно. Откриени се огромен број некрополи и речиси не постои простор во стариот дел на градот каде што не е евидентиран археолошки наод при случаен ископ за изведба на земјени работи на индивидуални станбени згради. Археолошки наоди се откриваат и во рамничарскиот дел претежно во просторот околу Старата градска чаршија. Тие се интегрирани и вклопени со целината, односно се поврзани со деловите од целината. Огромните површини со мозаични подови се конзервирани и презентирани и се одликуваат со голема автентичност, зачуваност, реткост и репрезентативност.

Поаѓајќи од гореизнесеното, СТАРОТО ГРАДСКО ЈАДРО НА ОХРИД како споменичка целина треба да биде прогласено како културно наследство од особено значење и да се определи негова поткатегорија - културно наследство од големо значење

Имајќи ги предвид богатите културно-историски, архитектонски, археолошки и етнолошки вредности на целината кои  даваат посебност, раритетност, репрезентативност, автентичност, зачуваност, разновидност и интегралност и создаваат можности за нејзина ревитализација се предлага СТАРОТО ГРАДСКО ЈАДРО НА ОХРИД да добие статус на културно наследство од особено значење.

Со Законот чие донесување се предлага се нудат решенија и во поглед на другите два елемента за идентификација на споменичката целина „Старо градско јадро на Охрид“, т.е. границите на доброто и нејзините контактни зони.

Со тоа точно се идентификува заштитеното подрачје составено од споменичка целина и контактни зони,

Дефинирањето на заштитеното подрачје овозможува јасно препознавање на досегот на прописите за заштита на културното наследство, со што јасно се разграничуваат и надлежностите.

Со тоа се создава основа да се надминат спорните ситуации што произлегуваат од недефинираните граници и контактни зони.

Во Законот чие донесување се предлага особено внимание е посветено и на режимот на заштита, кој соодветна доразработка ќе добие преку заштитно-конзерваторските основи кои се вградуваат во урбанистилкиот план.

За цел прецизно да се утврдат заштитните мерки што ќе се применуваат врз секој поединечен објект, блоковите и отворените површини во споменичката целина, се предлага во заштитно-конзерваторските основи да бидат содржани и сите дозволени и рестриктивни мерки за Старото градско јадро на Охрид.

Регулирањето на прашањето за дозволените и рестриктивните мерки во споменичката целина овозможува и на заинтересираните субјекти (сопственик корисник, инвеститор), во секој момент да можат да добијат релевантни податоци за објектот од нивен интерес, врз основа на што ќе можат да направат реална процена на потребните финансиски и технички средства, како и на времето и обемот на потребните интервенции.

Јасно и транспарентно дефинираните параметри ќе ја олеснат и постапката за изработка на урбанистичкиот проект и конзерваторски проект, како и постапката за издавање на конзерваторско одобрение од страна на Управата за заштита на културното наследство.

Се предлага управувањето да го вршат НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид, во името на Република Македонија и градоначалникот на општина Охрид во името на локалната заедница.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Одредбите содржани во Законот чие донесување се предлага се меѓусебно поврзани со одредбите содржани во Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр.20/04 и 115/07) и Законот за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион („Службен весник на РМ“ бр. 75/2010).

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Индивидуализирање на грижата и засилување на одговорноста на релевантните субјекти во системот на заштита на културното наследство, а во тие рамки особено нагласување на местото и улогата на државата и нејзините органи и институции:

- активно вклучување на предметното добро во современиот развој на локалните заедници и државата и создавање услови за негова ефективна заштита и функционално користење во научно основани граници;
- уважување на современите научни и стручни гледишта за изградување, ревитализација, развој, унапредување и практична примена на стратегија за интегрирана заштита на старите градски јадра во државава;
- обезбедување компатибилност на заштитата на предметната споменичка целина со меѓународните стандарди за заштита;
- спречување на дејствиа, појави и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување, уништување или деградирање на споменичката целина;
- трајно зачувување на историските, уметничките, архитектонските, урбанистичките, амбиенталните, етнолошките, социолошките и другите научни и културни вредности, како и автентичноста, единственоста, разновидноста, интегралноста, староста и други својства, содржини и функции; и
- остварување на крајната цел на заштитата пренесување на идните генерации.